## ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

**Час:** 7
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 1 - основи на користење компјутер и друга ИТ
**Наставна содржина:** Правила за работа со компјутер и етичко користење на компјутер
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да ги познава и почитува основните правила за работа и етичко користење компјутер
**Очекувани резултати:** Набројува и објаснува зошто треба да се почитуваат основните правила за работа и етичко користење компјутер
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка работа, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, набројува и објаснува

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Воведна активност:** Се води дискусија во кои случаи луѓето употребуваат еден ист предмет, на пр. седиште во автобус, во библиотеките, ресторантите, парковите...
**Учечко - поучувачки активности:** Исто како и седиштето во автобусот, и компјутерот во училиштето после тебе ќе го користи некој друг ученик. Затоа постојат некои правила при работата на училишен компјутер што ќе го направат неговото користење попријатно. Правила за етичко користење компјутер:

1. Работи на училишниот компјутер со дозвола и инструкција од наставникот.
2. Немој да јадеш или да пиеш до компјутерот.
3. Не ја менувај позадината на оперативниот систем.
4. Не активирај програми - чувари на екранот со лични пораки.
5. Не симнувај од интернет програми, слики и видео клипови на училишниот компјутер без дозвола.
6. Не се најавувај во компјутерот и во програмите со туѓо корисничко име или лозинка.
7. Не бриши и не разместувај папки и датотеки што не се твои.
8. Она што го работиш на часот снимај го во договорен фолдер.
9. За сè што не ти е јасно и познато во текот на работата, прашај го наставникот.
10. На крајот од часот, затвори ги сите програми со кои си работел.

АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ:

1. Во тетратките учениците треба да ги напишат правилата за етичко користење компјутер во компјутерската училница.
2. Ги анализираат запишаните правила и преку дискусија откриваат кои од нив се применливи при користење на домашните компјутери.
3. Се води кратка дискусија кој сè го користи нивниот домашен компјутер. Потоа учениците се делат на мали групи. Секоја група добива флип – чарт хартија и маркери на која според личните искуства, треба да состават правила за етичко користење на домашните компјутери.

**Активности за евалуација:** Набројуваат правила за етичко користење компјутер дома и во училиште.

obrazovanie.literatura.mk